# ТЕМАТСКО ПЛАНИРАЊЕ АНГЛИСКИ ЈАЗИК ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ - УЧЕБНИК KID'S BOX 1

**Тема Unit 3 My colours** **Време за реализација: ноември 2025**

| | |
|---|---|
| Изготвиле: | од ОУ: |
| Адаптирале: | од ОУ: |

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови | активности | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Граматички структури**:<br><br>**ПРИДАВКИ (БОИ)**<br>red, blue, green, black | Ги препознава/именува/ разликува/користи боите: red, blue, green, black, преку соодветните придавки во различен контекст. | 1/17 | На крајот на часот**,** учениците ќе именуваат бои и ќе научат ритмичка песничка (chant).<br><br>**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ**<br>Наставникот покажува секоја сликовна картичка и ја именува бојата. Учениците повторуваат. Ги прикажува картичките по случаен редослед и вежбаат заедно.<br>• Покажува картичка и кажува погрешна боја (на пр., покажува црвена и вели „Black!“). Учениците хорово реагираат: „No! Red!“ Активноста се повторува. | Учебник, наставнички прирачник,табла фломастери или креда. Проектор или интерактивна табла Аудио уред/звучник (за снимки) флеш-картички, А4 хартија, боички/фломастери, лепило, ножици | Дискусија и активно учество на час.<br>Усни одговори на прашања (од наставник/соученици) Креативни изработки (цртежи, илустрации, модели). Чек-листа како инструмент за оценување |
| **Граматички структури**:<br><br>**PRESENT SIMPLE TENSE OF TO BE**<br>I am / You are my friend; | Правилно ги применува граматичките структури при претставување и искажување поседување. | 1/18 | На крајот на часот**,** учениците ќе вежбаат бои и ќе следат упатства за боење слика.<br><br>**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ**<br>Наставникот ги става сликовните картички на табла. Го прашува ученикот: „What's your favourite colour? Say and point.“ Ученикот одговара: „Blue“ и покажува на соодветната картичка. Активноста се повторува со неколку ученици.Потоа, наставникот ја покажува стр. 27 и ги прашува: „What colour is it?“ Учениците ги именуваат боите.**Акцент:** Present Simple Tense of *TO BE*:„I am / You are my friend.“ | Учебник, наставнички прирачник,табла фломастери или креда. Проектор или интерактивна табла Аудио уред/звучник (за снимки) флеш-картички, А4 хартија, боички/фломастери, лепило, ножици | Дискусија и активно учество на час.<br>Усни одговори на прашања (од наставник/соученици) Креативни изработки (цртежи, илустрации, модели). Чек-листа како инструмент за оценување |
| **Граматички структури**: | Ги користи показните заменки и присвојните | 1/19 | На крајот на часот**,** учениците ќе умеат да разберат и користат показни заменки и присвојни придавки во кратки реченици и да испеат песна. | Учебник, наставнички прирачник,табла фломастери или креда. Проектор или | Дискусија и активно учество на час.<br>Усни одговори на прашања (од |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПРИСВОЈНИ ПРИДАВКИ**<br>My teacher / pencil; Your book / pen; | придавки во контекст на искажување присвојност. | | **ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ**<br>Наставникот ја покажува стр. 28 и прашува: „What can you see?“ Учениците ги именуваат предметите од училницата (table, chair, pencil, bag, eraser, book). Наставникот ја воведува новата реч „troll“ и прашува: „How many trolls?“ Учениците бројат со прстите и одговараат: „Five.“**Акцент:** присвојни придавки (*My / Your*):– Ученици користат примери како: *My pencil, your book, my teacher, your pen.* | интерактивна табла Аудио уред/звучник (за снимки) флеш-картички, А4 хартија, боички/фломастери, лепило, ножици | наставник/соученици) Креативни изработки (цртежи, илустрации, модели). Чек-листа како инструмент за оценување |
| **Граматички структури:**<br><br>**ГЛАГОЛИ**<br>look, sing, draw; | Ги употребува глаголите: look, sing, draw во соодветен контекст. | 1/20 | Учениците учат да употребува глаголите: look, sing, draw во соодветен контекст.<br><br>**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ**<br>Наставникот подготвува групи предмети од училницата (на пр. три гуми, пет моливи, две торби). Става, на пример, пет моливи на масата и прашува: Two pencils? Учениците одговараат No. Наставникот гледа збунето и прашува: Four pencils? Six pencils? Потоа прашува: How many pencils are there? Учениците одговараат: Five. Активноста се повторува со други предмети. Акцент на глаголите: look, sing, draw. | Учебник, наставнички прирачник,табла фломастери или креда. Проектор или интерактивна табла Аудио уред/звучник (за снимки) флеш-картички, А4 хартија, боички/фломастери, лепило, ножици | Дискусија и активно учество на час.<br>Усни одговори на прашања (од наставник/соученици) Креативни изработки (цртежи, илустрации, модели). Чек-листа како инструмент за оценување |
| **Граматички структури:**<br><br>PRESENT SIMPLE TENSE OF TO BE<br><br>It is | Правилно ги применува граматичките структури при опишување. | 1/21 | До крајот на часот, учениците ќе имаат слушано приказна и ќе го повторат јазикот од наставната единица.<br><br>**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ**<br>Наставникот им покажува на учениците страница 30 и посочува кон ликовите, прашувајќи: Who’s this? Им објаснува дека ќе гледаат видео со приказната. Учениците гледаат и слушаат. Потоа ја изведуваат приказната. Доколку е потребно, видеото се гледа двапати. | Учебник, наставнички прирачник,табла фломастери или креда. Проектор или интерактивна табла Аудио уред/звучник (за снимки) флеш-картички, А4 хартија, боички/фломастери, лепило, ножици | Дискусија и активно учество на час.<br>Усни одговори на прашања (од наставник/соученици) Креативни изработки (цртежи, илустрации, модели). Чек-листа како инструмент за оценување |
| Лексички единици: | Ги идентификува и разликува училишниот | 1/22 | **ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ**<br>Наставникот ја покажува активноста 2 и ги посочува дамките лево. Заедно со учениците брои од 1 до 6. | Учебник, наставнички прирачник,табла фломастери или креда. | Дискусија и активно учество на час.<br>Усни одговори на |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЛУЃЕ И МЕСТА**<br>a school, a classroom, a student, a teacher, a friend; | прибор и предметите во училницата по кус слушнат исказ. | | Посочува на дамка број 1 и прашува: What colour? (Black). Го моделира изразот: Colour number 1 black, please. Покажува како се бои и вели: Yes, number 1 is black. **Учениците** повторуваат и бојат. Акцент се става на зборови за луѓе и места: a school, a classroom, a student, a teacher, a friend. | Проектор или интерактивна табла Аудио уред/звучник (за снимки) флеш-картички, А4 хартија, боички/фломастери, лепило, ножици | прашања (од наставник/соученици) Креативни изработки (цртежи, илустрации, модели). Чек-листа како инструмент за оценување |
| **Граматички структури:**<br><br>**PRESENT SIMPLE TENSE OF TO BE**<br><br>I am / We are; | Правилно ги применува граматичките структури при опишување. | 1/23 | До крајот на часот, учениците ќе го повторат јазикот од наставната единица преку слушање и говорни активности.<br><br>**ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ**<br>Наставникот црта торба на таблата и во неа - книга, молив и гума, обоени во познати бои. Поттикнува реченици, на пр. It's a blue book. Учениците цртаат своја торба со истите предмети, но во бои по избор. Работат во парови, ги споредуваат цртежите и кажуваат реченици. | Учебник, наставнички прирачник,табла фломастери или креда. Проектор или интерактивна табла Аудио уред/звучник (за снимки) флеш-картички, А4 хартија, боички/фломастери, лепило, ножици | Дискусија и активно учество на час. Усни одговори на прашања (од наставник/соученици) Креативни изработки (цртежи, илустрации, модели). Чек-листа како инструмент за оценување |
| **Интеркултурни содржини:**<br><br>**ЧЕСТИТАЊЕ РОДЕНДЕН**<br><br>Happy Birthday! | Репродуцира и самостојно продуцира усвоени лексички едници на теми поврзани со празници и родендени. | 1/24 | **ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ**<br>Главната активност е поврзана со страница 101 од учебникот – „My Birthday Poster". Наставникот покажува пример постер со едноставни реченици како: I am 6. I have a cake. I have a gift. Потоа, **учениците** цртаат свој постер за роденден, вклучувајќи торта, подарок и свеќичка. При претставувањето на постерите, користат едноставни зборови и реченици како: Cake, Balloon, Gift. Активноста им овозможува да ја применат усвоената лексика преку креативна продукција и говорна интеракција. | Учебник, наставнички прирачник,табла фломастери или креда. Проектор или интерактивна табла Аудио уред/звучник (за снимки) флеш-картички, А4 хартија, боички/фломастери, лепило, ножици | Дискусија и активно учество на час. Усни одговори на прашања (од наставник/соученици) Креативни изработки (цртежи, илустрации, модели). Чек-листа како инструмент за оценување |
| Оценување на наученото | | | ***Усни/писмени одговори - 70%*** | ***Изведбени активности - 20%*** | ***Дискусија - 10%*** |



resursi.literatura.mk